арх. бр. 23-3887

на долунаведените прашања:

1. Дали Единицата за локална самоуправа изработи Годишен оперативен план за имплементација на активностите предвидени во НАП-от за ИК за 2019, 2020 и 2021 година? Доколку да, дали се достапни на веб страната? Ве молиме доставете ги или прикачете линк од нивната објава.

2. Дали имате спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и во рурални средини за 2019 година, 2020 година и 2021 година заклучно до 31 мај?
   - Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локални трибини, средби со населението имате одржано, дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано.
   - Доколку имате објавено на социјалните медиуми или на Вашата веб страна ве молиме пратете линк од нивната објава.

3. Дали во Вашите постојни документи, но и во идните документи кои планирате да г подготвите или дел да ревидирате имате воведена стратешка цел за спречување заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство?

-Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете ги постојните документи каде вклучена оваа стратешка цел или планираните нови документи каде би ја вклучиле.

4. Доколку некои од предвидените активности за 2019/2020 заклучно до мај 2021 год не се спроведени согласно вашата програма за работа, ве замолуваме да ни достав информации зошто истите не се реализирани и кога и како се планира ни спроведување? Дали истите планирате да ги спроведете во тековната 2021 година?

5. Дали вашата општина аплицира на Јавниот Повик објавен од страна на Министерств за труд и социјална политика во рамки на Проектот за подобрување на социјалн услуги (ППСУ) со финансиска поддршка од Меѓународната Банка за обнова и раз (Кредит Бр: 8902 –МК )[1]?

-Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете за кој вид на социјални услуги ви бе проектна апликација.

-Дали ви беше одобрен грант по овој јавен повик?

-Доколку ДА, ве молам наведете кратко како се спроведуваат активностите проектот.

Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс
043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.go

1. Единицата на локална самоуправа сеуште нема изработено Годишен оперативен план за имплементација на активностите предвидени во Нап-от.
2. Спроведени се активности за подигнување на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и рурални средини, особено во 2021 година откако Комисијата за еднакви можности почна активно да се вклучува и да реализира активности кои се предвидени согласно Акцискиот план и програма. Спроведени се следните активности:
   - Делење на флаери и постери во централното градско подрачје на тема „Превенција и заштита од семејно насилство во вонредна состојба COVID 19"
   - Направена е родово разделена статистика на вработените во општинските институции
   - Одбележување на Меѓународниот ден за поддршка на жртви на насилство и тортура, со организирање на настан од страна на Комисијата за еднакви можности на општина Кавадарци, панел дискусија на тема „Стоп за насилство".
   - http://rtk.mk/kavadarci/6623-video--stop-za-nasilstvoto
   - Учество на Комисијата за еднакви можности на полумаратон, со цел да се промовира родовата еднаквост и елоиминирање на родовите стереотипи со кои се соочуваат жените за помалку моќни и издржливи од мажите трчајќи еднакво со нив. КЕМ направи родова анализа на бројот на пријавените учесници и учеснички. http://rtk.mk/kavadarci/6611-video-komisijata-za-ednakvi-mozhnosti-trchashe
   - Немаме точен број за тоа колку граѓани се вклучени и присуствувале на настаните и активностите кои се одржале.

Арх.Бр.____________
Дата:____________
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.go

- Направена е анализа на состојбата на стари и изнемоштени лица(мажи и жени) и бројот на жени кои се жртви на семејно насилство
- Назначување на жени во телата и комисиите формирани од страна на Градоначалникот и Советот на општината
- Извршена е родова анализа на вклучени мажи жени во проектите: Општинско-корисна работа, Јавни работи, број на жени на кои им е доделена еднакратна парична помош за новороденче, број на мажи и жени кои добиваат еднократна парична помош за лекување, број на мажи и жени кои добиваат еднократна парична помош за егзистенција, број на колку мажи и жени се добитници на субвенции за велосипеди, број на мажи и жени кои се добитници на субвенции за енергетско ефикасни грејни тела.
- Општина Кавадарци спроведе мапирање на самохрани родители кој е објавен на официјалната веб страна на општина Кавадарци.
- Имплементација на проектотот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост".

3. Општина Кавадарци во однос на жртвите на семејно насилство секоја година одделува финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за еднократна парична помош за жртвите на семејно насилство. Исто така во рамките на програмата Општинско-корисна работа, Јавни работи и други проекти преку кои се ангажираат невработени лица, предност им се дава на лицата кои се жртви на насилство и на самохрани родители.
4. Предвидените активности во однос на ова прашање не се спроведени поради пандемијата Ковид-19, но се планира нивно спровдување во тековната 2021 година.
5. Општина Кавадарци аплицираше на Јавниот Повик објавен од страна на Министерството за труд и социјлана политика во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги, со финансиска помош од Меѓународната Банка за обнова и развој и доби грант кој е во партнерство со Црвен Крст, во својство на Давател на услуга, негуватели на стари лица. Услугата обезбедува помош во вршење на основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционале капацитет кои не можат сами да се

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

грижат за себе, со цел да продолжат да живеат во сопствениот дом и да водат независен живот во заедницата.

Услугата опфаќа до 100 стари лица, кои ќе ја добиваат услугата согласно Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги помош и нега во домот.

Арх.Бр.________

Дата:________

Кавадарци

Република Северна Македонија